РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Комитет за следење на ИПАРД 2014- 2020

# *Нацрт Записник од вториот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020*

## *12 декември 2017*

## *Хотел Александар Палас*

## *Скопје*

I. ЛИСТА НА УЧЕСНИЦИ

**Претседател на Комитетот за следење: м-р Нефрус Челику;**

**Раководител на Сектор за управување со ИПАРД., Билјана Костовска.**

*Присутни членови на Комитетот за следење на ИПАРД* :

1. **Трајан Димковски**, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство;
2. **Никица Бачовски,** Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство;
3. **Славица Михајловска Гошиќ**, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство;
4. **Маја Лазареска Јовеска**, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство;
5. **Вулнет Арифи,** Министерство за локална самоуправа;
6. **Љиљана Вуковиќ,** Агенција за подршка на претприемништвото на Република Македонија;
7. **Петар Ѓеоргиевски**, Мрежа за рурален развој на Р.М;
8. **Проф Д-р Ана Котевска**, Факултет за земјоделски науки и храна;
9. **Сашо Ристевски**, Македонска асоцијација на преработувачи;
10. **Марина Тошеска-** ЛАГ Агро ЛИДЕР**;**
11. **Гордана Лозановска Стефановска**- ЛАГ Пелагонија;
12. **Сашо Крцоски**- Мрежа на млади фармери;
13. **Евгенија Серафимовска Кирковски-** СЕП;
14. **Александра Матиќ Север-** Министерство за култура;



*Проект спроведен од Тело за управување со ИПАРД, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство*
*Ул. Аминта III, бр. 2, 1000 Скопје ; Тел + 389 2 313 44 77*
*Финансирано: Мерка Техничка помош од ИПАРД Програма 2014-2020*

*Присутни заменик членови на Комитетот за следење на ИПАРД*

1. **Ванчо Новоселски,** Агенција за храна и ветеринарство
2. **Александра Тодоровска**, Македонско Еколошко Друштво;
3. **Елена Гунова**, Занаетчиска Комора Скопје;
4. **Проф.др Влатко Илиевски**- Факултет за ветеринарна медицина.
5. **Александар Зарков,** Сојуз на стопански комори на Република Македонија
6. **Антон Фајдига,** Министерство за транспорт и врски;
7. **Љупчо Михајлов,** Факултет за земјоделски науки и храна – УГД Штип;
8. **Петар Андонов**, Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството;
9. **Наташа Вртеска**, Заедница на единиците на локалната самоуправа.

*Претставници на Европска Комисија (ЕК) со советодавна улога:*

1.**Liam Breslin**- Директорат за земјоделство и рурален развој;

2. **Anna Nowak**- Директорат за земјоделство и рурален развој;

3. **Zigo Rutkovskis**- Директорат за земјоделство и рурален развој.

**Претставници од Европска Делегација:**

1. **Nicola Bertolini**, Делегација на Европска Унија во Република Македонија.

2. **Маргарита Делева**,Делегација на Европска Унија во Република Македонија.

3. **Катерина Кус- Иванова Филкова,** Делегација на Европска Унија во Република Македонија.

*Претставници на ИПАРД структурата:*

*Претставници од НАО и НФ :*

1. **Тања Жежова**, Министерство за финансии.

Претставници од Тело за Управување со ИПАРД (ТУ):

1. **Билјана Костовска**, Раководител на Сектор ИПАРД;
2. **Виктор Младеновски**, Одделение за спроведување на Техничка помош од ИПАРД фондови;
3. **Василка Тамбуркова**, Одделение за следење на имплементација на ИПАРД фондови и известување;
4. **Јасмина Хаџибулиќ**, Одделение за следење на имплементација на ИПАРД фондови и известување;
5. **Иса Имишти,** Одделение за следење на имплементација на ИПАРД фондови и известување
6. **Златко Колевски,** Одделение за спроведување на Техничка помош од ИПАРД фондови;
7. **Оливер Стефановски**, Одделение за спроведување на Техничка помош од ИПАРД фондови;
8. **Кирил Ристовски**, Одделение за спроведување на Техничка помош од ИПАРД фондови;
9. **Саџиде Демири,** Одделение за координација на подготвителни активности за агро-еколошки мерки и „ЛЕАДЕР"
10. **Душко Јакимовски**, Одделение за програмирање и проценка на ИПАРД фондови;
11. **Гордана Смилеска**, Одделение за следење на имплементација на ИПАРД фондови и известување;
12. **Габриела Петрова,** Одделение за спроведување на Техничка помош од ИПАРД фондови.
13. **Игор Трошански ,** Одделение за програмирање и проценка на ИПАРД фондови;
14. **Мухадин Лимани,** Одделение за програмирање и проценка на ИПАРД

*Претставници од Агенција за Финансиска Поддршка во Земјоделството и Руралниот Развој (АФПЗРР):*

1. **Николче Бабовски**, В.д Директор на Агенција за Финансиска Поддршка во Земјоделството и Руралниот Развој (АФПЗРР);
2. **Маја Брајовиќ**, Раководител на сектор за внатрешна ревизија,Агенција за Финансиска Поддршка во Земјоделството и Руралниот Развој (АФПЗРР);
3. **Владимир Христов,** АФПЗРР;
4. **Вангел Наневски**, АФПЗРР;
5. **Панче Арсов**, АФПЗРР.



*Проект спроведен од Тело за управување со ИПАРД, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство*
*Ул. Аминта III, бр. 2, 1000 Скопје ; Тел + 389 2 313 44 77*
*Финансирано: Мерка Техничка помош од ИПАРД Програма 2014-2020*

**Резултати: Претседател на Комитетот, 14 членови и 9 заменици, со право на глас (од вкупно 29 члена со право на глас) учествуваа на состанокот. Со тоа се постигна кворум од 2/3 од членовите со право на глас за одржување на состанокот согласно Деловникот за работа член 8 став (3).**

*Листа на присутност на членовите од состаноците на Комитетот за следење на ИПАРД е прикажана во Прилог 1 од овој Записник.*

*Листа на набљудувачи е прикажана во Прилог 2 од овој Записник.*

**1. Точка 1 од дневниот ред: „Усвојување на предлог Дневниот ред на вториот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД".**

Состанокот го отвори државниот секретар м-р Нефрус Челику во својство на претседател на Комитетот, посакувајќи им добредојде на сите присутни на состанокот. Претседателот на Комитетот ги информираше членовите за предлог дневниот ред за вториот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД, и предложи да се додаде нова точка во истиот, односно потточка 8.4:„ Извештај за прогрес во спроведување на Планот на активности за видливост и комуникација за ИПАРД 2014-2020".

Земајќи во предвид дека членовите на Комитетот за следење на ИПАРД немаа забелешки во однос на дневниот ред, беше усвоена следнава одлука:

**Одлука бр.1: Комитетот за следење на ИПАРД го усвои Дневниот ред за (2от) вториот (есенски) состанок на Комитетот за следење на ИПАРД II.**

**2. Точка 2 од дневниот ред: „Усвојување на измените на Деловникот за работа на Комитетот за следење на ИПАРД II Програмата на Република Македонија"**

Претседателот на Комитетот ги информираше членовите во однос на измените на Деловникот за работа на Комитетот за следење на ИПАРД II Програмата на


*Проект спроведен од Тело за управување со ИПАРД, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство*
*Ул. Аминта III, бр. 2, 1000 Скопје ; Тел + 389 2 313 44 77*
*Финансирано: Мерка Техничка помош од ИПАРД Програма 2014-2020*

Република Македонија. Претставниците од ЕК истакнаа дека имаат дополнителни коментари по доставениот Деловник кои ќе бидат доставени до Секретаријатот на ИПАРД 2 Комитетот и истиот да биде усвоен од страна на членовите по пат на пишана процедура. Земајќи во предвид дека придружните материјали за состанокот, беа доставени со задоцнување до членовите односно на 06.12.2017 а истите се доставуваат 15 работни дена пред одржување на состанокот, претставниците на ЕК дадоа предлог, останатите документи наместо на состанокот, да се усвојат по пат на пишана процедура.

**3. Точка 3 од дневниот ред: „Усвојување на Записникот од претходниот (прв) состанок на Комитетот за следење на ИПАРД одржан на 17ти февруари, 2017"**

Претседателот на Комитетот за следење на ИПАРД II, информираше дека записникот од претходниот 1ви состанок на Комитетот за следење на ИПАРД одржан на 17ти февруари 2016 беше испратен до членовите на Комитетот за следење на ИПАРД на 05.04.2016. До 19.04.2016 до Секретаријатот на Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020 не се пристигнати коментари од членовите на Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020.

Членовите на Комитетот за следење на ИПАРД немаа забелешки по однос на записникот и беше усвоена следнава одлука:

**Одлука бр.3: Комитетот за следење на ИПАРД го усвои Записникот од (1от) првиот состанок, кој се одржа на 17 февруари, 2016 година, како финален.**

4. **Точка 4 од дневниот ред**: „**Информација во однос на промена на членовите на Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014- 2020"**

Раководителот на ТУ со ИПАРД, информираше за новите членови на Комитетот за следење на ИПАРД II од Министерство за земјоделство, претставникот од Агро – Лидер, од ЛАГ Пелагонија, од Синдикално здружување на земјоделски производители „СПАС“ и од Мрежа на млади фармери.

Претставничката на ЕК Ана Новак, предложи да се разгледа можноста Деловникот да не трпи измени поради секоја промена на членовите, туку да се додаде како Анекс



*Проект спроведен од Тело за управување со ИПАРД, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство*
*Ул. Аминта III, бр. 2, 1000 Скопје ; Тел + 389 2 313 44 77*
*Финансирано: Мерка Техничка помош од ИПАРД Програма 2014-2020*

листа на членови на Комитетот за следење каде што ќе се наведе нивното име, презиме, функција и институцијата од каде што доаѓаат.

Во однос на оваа точка беше донесен следниот заклучок:

**Заклучок бр. 1: Комитетот за следење на ИПАРД, беше информиран во однос на промена на членовите на Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020.**

**5. Точка 5 од дневниот ред: „Информација за спроведување на одлуките/заклучоците усвоени на претходниот (прв) состанок на Комитетот за следење на ИПАРД"**

Раководителот на Телото за управување со ИПАРД Билјана Костовска, информираше во однос на прогресот за спроведување на одлуките/заклучоците усвоени на прviот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД. Исто така додаде дека двете одлуки што се донесени на првиот состанок на Комитет за следење на ИПАРД II, односно Планот за евалуација 2014-2020 и Планот за видливост и комуникациски активности на ИПАРД Програмата 2014-2020 се усвоени по пат на пишана процедура во март 2017 година.

Врз основа на изнесеното, членовите на Комитетот го донесоа следниов заклучок:

**Заклучок бр. 2: Комитетот за следење на ИПАРД, беше информиран за напредокот во спроведувањето на одлуките/заклучоците од првиот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД.**

**6.Точка 6 од дневниот ред: „Информација во однос на ИПА Мониториг Комитетот"**

Г-ѓа Евгенија Серафимовска Кирковска, информираше во однос на ИПА Мониторинг Комитетот одржан во март 2017 притоа запознавајќи ги новите членови на Комитетот


*Проект спроведен од Тело за управување со ИПАРД, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство*
*Ул. Аминта III, бр. 2, 1000 Скопје ; Тел + 389 2 313 44 77*
*Финансирано: Мерка Техничка помош од ИПАРД Програма 2014-2020*

за работата и надлежностите на ИПА Мониторинг Комитетот. Исто така г-ѓа Кирковска, даде пресек на правилата за секторски пристап во ИПА II укажувајќи дека користењето на фондовите во голема мерка ќе зависи од воспоставувањето на секторскиот пруистап односно од исполнувањето на 5 критериуми:

- *Секторска стратегија*
- *Институционален капацитет*
- *Секторска координација*
- *Рамка за проценка на изведбата/учинокот*
- *Повеќегодишно буџетирање*

Комисијата ќе го следи напредокот на земјата во воспоставување на секторски пристап на годишна основа и нејзината оценка ќе влијае врз висината на средствата кои на годишно ниво ќе ги алоцира за потребите за финансирање во секторите.

Индикативниот стратешки документ 2014-2020 година е во фаза на менување во службите на Европската унија и конечните достапни средства за Република Македонија за целата перспектива ќе се знаат до јуни 2018 година.

Претставникот од ЕК побара објаснување зошто толку доцна се вработуваат луѓе. Директорот на АФПЗРР, образложи дека преку Информација до Владата на Република Македонија, е побарано зголемување на нови 68 вработени со предлог за нивно фазно вработување.

Врз основа на изнесеното, членовите на Комитетот го донесоа следниов заклучок:

**Заклучок бр. 3: Комитетот за следење на ИПАРД се информираше во однос на ИПА Мониториг Комитет одржан во март 2017 година.**

## 7. Точка 7 од дневниот ред: „ Статус со спроведување на ИПАРД Програмата 2014-2020"


*Проект спроведен од Тело за управување со ИПАРД, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство*
*Ул. Аминта III, бр. 2, 1000 Скопје ; Тел + 389 2 313 44 77*
*Финансирано: Мерка Техничка помош од ИПАРД Програма 2014-2020*

**7.1. Потточка 7.1 од дневниот ред: „ Информација во однос на пристигнати барања на првиот Јавен повик за ИПАРД 2014- 2020"**

Г-нот Николче Бабовски ги информираше членовите во однос на пристигнатите барања на првиот Јавен повик за ИПАРД 2014- 2020 кој што траеше до 21.07.2017 година односно, примени се вкупно 1648 барања од трите објавени мерки. Во Мерка 1 се очекува договорите да бидат потпишани во Март 2018 година.

Тој исто така ја истакна потребата од нови вработувања и унапредувања во АФПЗРР согласно утврдните потреби.

На прашањето од страна на претставникот на ЕК Liam Breslin, колку апликации неделно се обработуваат во самата агенција, г-нот Бабовски истакна дека неделно се обработува по една апликација.

Земајќи во предвид дека таа бројка е премала, односно дека неделно е потребно да се обработат околу 20 апликации, претставникот на ЕК Liam Breslin изрази огромна загриженост и ја потенцираше ургентната потреба од нови вработувања во АФПЗРР и зајакнување на капацитите и дека вакво темпо на обработка е загрижувачко и дека се загрозува искористување на средства од ИПАРД, т.е дека пак ќе се соочиме со поврат на средства во 2018 година.

Врз основа на изнесеното, членовите на Комитетот го донесоа следниов заклучок:

**Заклучок бр.4: Комитетот за следење на ИПАРД ги разгледа резултатите од спроведувањето на ИПАРД Програмата**

**7.2. Потточка 7.2 од дневниот ред: „ Информации за статусот со доверување на задачите за спроведување на буџетот за мерка рурална инфраструктура "**

Претставничката на НАО информираше во однос на статусот со доверување на задачите за спроведување на буџетот за мерка рурална инфраструктура.

Во текот на 2015/2016 година започнаа подготвителните активности за акредитација на мерката за рурална инфраструктура. Пакетот за акредитација на мерката Рурална јавна инфраструктура од ИПАРД 2 Програмата (2014-2020) беше подготвен и поднесен



*Проект спроведен од Тело за управување со ИПАРД, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство*
*Ул. Аминта III, бр. 2, 1000 Скопје ; Тел + 389 2 313 44 77*
*Финансирано: Мерка Техничка помош од ИПАРД Програма 2014-2020*

за надворешно оценување до Ревизорско тело за ИПА на 10 јануари 2017 година со цел обезбедување независно ревизорско мислење (постапка утврдена со Рамковниот договор). Предвидената динамика за барање на доделување на правото за индиректно управување со оваа мерка е средината на 2018 година, бидејќи наодите како донесувањето на Законот за Агенција, Уредбата за спроведување на мерката Инвестиции во рурална инфраструктура и вработување на потребен кадар се процеси кои бараат многу време.

Во однос на оваа точка, претставничката на ЗЕЛС, г-ѓа Наташа Вртеска, истакна дека ЗЕЛС, вклучени како асоцијација на општините, при дискусија со АФПЗРР, беа акцентирани проблемите на општините, односно беше посочен најголемиот проблем – уредувањето односно урбанистичките планови. Нивното инсистирање со Националната програма и со некои други програми, со МТСП да бидат покриени/ доделени одредени средства, за да можат општините да аплицираат за исцртување на проект всушност за овие плански документации.

Раководителот на Телото за управување со ИПАРД, Билјана Костовска, додаде дека оваа мерка ќе придонесе за развој на општините. Претфинансирањето е нешто што треба да се реши на повисоко ниво заеднос со МФ и МЗШВ. Голем дел од пречките, проблемите на општините, не се во надлежност на министерството односно истите треба да бидат решени од страна на самите општини.

Во однос на информативните сесии кои што ќе се прават во и со општините, претставничката на ЗЕЛС, побара истиот да биде вклучен не само во целиот процес туку и во поединечните активности организирани од страна на ТУ, се со цел, доколку има забелешки или предлози, истите да бидат спроведени од страна на ЗЕЛС.

Врз основа на изнесеното, членовите на Комитетот ги донесоа следниве заклучоци:

**Заклучок бр.5 :** Телото за управување со претпристапни фондови на ЕУ за рурален развој (ИПАРД) да направи анализа на општините, односно, колку од нив можат да аплицираат за мерката Рурална инфраструктура и истата да се достави до ЕК и до членовите на Комитетот за следење на ИПАРД најдоцна до јуни 2018

Претставникот на АПРЗ- Петар Андонов, истакна дека треба да се вклучат повеќе институции односно сите релевантни фактори, со цел да се најде заедничко решение.


*Проект спроведен од Тело за управување со ИПАРД, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство*
*Ул. Аминта III, бр. 2, 1000 Скопје ; Тел + 389 2 313 44 77*
*Финансирано: Мерка Техничка помош од ИПАРД Програма 2014-2020*

По завршување на дискусијата во однос на наведената точка, беше донесен следниот заклучок:

**Заклучок бр.6 :** Комитетот за следење на ИПАРД се информираше во однос на статусот со доверување на задачите за спроведување на буџетот за мерка Рурална инфраструктура.

**7.3. Потточка 7.3 од дневниот ред : „ Воведување на нови мерки ИПАРД 2014-2020/ Дискусија во однос на прва модификација на ИПАРД Програмата "**

Во однос на оваа точка Раководителот на ТУ г-ца Билјана Костовска даде краток опис за првата измена на ИПАРД 2014- 2020 Програма. Таа додаде дека планирани е воведување на нови мерки т.н soft (меки) мерки а една од мерките која се планира да биде вклучена е LEADER. ИПАРД 2014- 2020 е многу отворена програма, ги опфаќа сите сектори и за прв пат се вклучени индустриските култури и житните култури. На првиот јавен повик се побарани скоро сите средства од програмата. Потребно е да се направат анализи за да се види како би се подобро насочила поддршката.

РТУ упати апел до членовите на комитетот да се вклучат активно во процесот на првата измена на ИПАРД 2014-2020 со конкретни предлози за подобрување на програмскиот документ.

РТУ накратко ги информираше членовите на комитетот за постоечкиот Гарантен фонд кој што е воспоставен во соработка со УСАИД и се реализира преку три комерцијални банки и две штедилници.

Врз основа на изнесеното, членовите на Комитетот го донесоа следниов заклучок:

**Заклучок бр. 7:** Комитетот за следење на ИПАРД се информираше во однос на првата модификација на ИПАРД 2014- 2020 Програма.

**8. Точка 8 од дневниот ред: „ Активности за техничка помош"**

**8.1. Потточка 8.1: „ Прогрес на активности во однос на спроведување на АПТА 2017"**



*Проект спроведен од Тело за управување со ИПАРД, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство*
*Ул. Аминта III, бр. 2, 1000 Скопје ; Тел + 389 2 313 44 77*
*Финансирано: Мерка Техничка помош од ИПАРД Програма 2014-2020*

Претставникот на Телото за управување со ИПАРД, Кирил Ристовски го информираше Комитетот за следење на ИПАРД за видот на активностите кои се спроведени во согласност со Акциониот план за Техничка помош за 2017 година. Притоа тој истакна дека се реализирани 2 договори односно 2 набавки, а 2 набавки се во процедура, бидејќи во согласност со АПТА 2017, нивната реализација продолжува и во 2018 година.

Претставникот на ЕК, Лиам Бреслин истакна дека Мерката Техничка помош е силна алатка која што треба максимално да се искористи.

Врз основа на изнесеното, членовите на Комитетот го донесоа следниов заклучок:

**Заклучок бр. 8**: Комитетот за следење на ИПАРД, се информираше за напредокот во спроведувањето на АПТА 2017.

**8.2 Потточка 8.2: „Усвојување на АПТА за 2018 година"**

Претставниците на ЕК истакнаа дека имаат коментари во однос на АПТА-та и истите ќе бидат дополнително доставени и разгледани заедно со ТУ. Членовите на Комитетот за следење на ИПАРД немаа забелешки по однос на АПТА-та за 2018 година но истата ќе биде повторно доставена на усвојување до членовите по пат на пишана процедура, откако  ќе бида усогласена со ЕК . Усогласената АПТА ќе биде усвоена по пат на пишана процедура и ќе биде донесена следната одлука:

**Одлука бр.4: Комитетот за следење на ИПАРД ја усвои АПТА-та за 2018 како финална.**

**8.3: Потточка 8.3 од Дневниот ред:„ Акциски план за комуникација и публицитет за 2018 година за ИПАРД 2014- 2020"**

Претставничката на ТУ, г-ѓа Соња Трајкова го презентираше Акцискиот план за комуникација и публицитет за 2018 година за ИПАРД 2014- 2020. Истиот ќе биде усвоен по пат на пишана процедура и ќе биде донесена следнава одлука:

**Одлука бр.5: Комитетот за следење на ИПАРД го усвои Акцискиот план за комуникација и публицитет за 2018 година за ИПАРД 2014- 2020.**



*Проект спроведен од Тело за управување со ИПАРД, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство*
*Ул. Аминта III, бр. 2, 1000 Скопје ; Тел + 389 2 313 44 77*
*Финансирано: Мерка Техничка помош од ИПАРД Програма 2014-2020*

**8.4: Потточка 8.4 од Дневниот ред:„Извештај за прогрес во спроведување на Планот на активности за видливост и комуникација за ИПАРД 2014- 2020".**

Во врска со оваа потточка, претставничката на ТУ г-ѓа Соња Трајкова, накратко ги наведе спроведените активности од Планот на активности за видливост и комуникација за ИПАРД 2014-2020 во периодот на 2016 и 2017 година, односно реализирани се следните активности:

1. Ажурирање на интернет страната www.ipard.gov.mk ;
2. ИПАРД инфо денови;
3. Обуки, работилници и семинари;
4. Појавувања на национални и локални радио и телевизии како дневни весници и интернет портали;
5. Публикување на летоци, брошури и друг информативен материјал.

Институции кои имаа одговорност за спроведување на горенаведените активности и тоа соодветно со надлежностите и функциите кои ги извршуваат се: Телото за управување со ИПАРД при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР).

Врз основа на изнесеното, членовите на Комитетот го донесоа следниов заклучок:

**Заклучок бр. 9:** Комитетот за следење на ИПАРД се информираше за прогрес во спроведување на Планот на активности за видливост и комуникација за ИПАРД 2014-2020.

**9. Точка 9 од дневниот ред„Информација за функционирање на системот за управување и контрола на ИПАРД"**

Претставничката на Националниот фонд, г-ѓа Тања Жежова го информираше Комитетот за активностите кои НФ ги спровел во минатиот период.

Во согласност со Годишниот план за Верификациски посети за 2017 година, беше планирана верификациска посета кон крајот на 2017 година во фаза на склучување на

договори во рамките на програмскиот период ИПАРД 2. Со оглед на тоа дека фазата за склучување на договори од првиот повик од ИПАРД 2 е сеуште во тек и првите договори се очекува да се потпишат на почетокот од 2018 година, беше одлучено оваа верификациска посета да се спроведе по завршување на фазата на склучување на договори. Со оглед на тоа дека Финансиската спогодба за ИПАРД 2014-2020 година стапи на сила на 29 јуни 2017 година, како и тоа дека не е потпишан ниту еден договор во рамки на ИПАРД 2, не се издадени ревизорски извештаи. Во тек се системска ревизија и ревизија на операции од страна на Ревизорското тело.

Врз основа на изнесеното, членовите на Комитетот го донесоа следниов заклучок:

**Заклучок бр. 10: Комитетот за следење на ИПАРД се информираше за функционирање на системот за управување и контрола.**

**10. Точка 10 од дневниот ред: „ Информација/ дискусија во однос на планирани активности за тековна Евалуација на ИПАРД 2014- 2020 "**

Г-нот Игор Трошански информираше во однос на планирани активности за тековна Евалуација на ИПАРД 2014- 2020.

Тој исто така ја истакна потребата од вработување на раководни лица во Телото за управување со претпристапни фондови на ЕУ за рурален развој (ИПАРД).

Врз основа на изнесеното, членовите на Комитетот го донесоа следниов заклучок:

**Заклучок бр. 11: Комитетот за следење на ИПАРД се информираше во однос на планирани активности за тековна Евалуација на ИПАРД 2014- 2020**

**11. Точка 11 од дневниот ред:„Разно"**

Претставникот на ЕК Zigo Rutkovskis, уште еднаш истакна дека сè додека се обработува една апликација неделно во АФПЗРР, ИПАРД-от во Република Македонија ќе биде проблем. Поради тоа, потребно е што побрзо да се преземат сите мерки за зајакнување на човечките капацитети во ИПАРД Агенција.


*Проект спроведен од Тело за управување со ИПАРД, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство*
*Ул. Аминта III, бр. 2, 1000 Скопје ; Тел + 389 2 313 44 77*
*Финансирано: Мерка Техничка помош од ИПАРД Програма 2014-2020*

**12. Точка 12 од дневниот ред: „Предлог на Дневен ред за следниот трет состанок на Комитетот за следење на ИПАРД и усогласување на датумот за негово одржување"**

Во врска со точка 12 од дневниот ред Претседателот , информираше за предлог дневниот ред за следниот состанок на Комитетот состанок за следење на ИПАРД 2014- 2020. Во однос на наредниот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД 2014- 2020, Претседателот , предложи периодот на одржување на наредниот трет состанок на Комитететот да биде договорен во согласност со можностите на претставниците на Европската Комисија.

Претседателот го затвори состанокот и го прогласи за успешен.

| **ОД СТРАНА НА КОМИТЕТОТ ЗА СЛЕДЕЊЕ НА ИПАРД:** | **ОД СТРАНА НА СЕКРЕТАРИЈАТОТ:** |
|---|---|
| м-р Нефрус Челику | Живко Брајковски |
| Титула: Претседател | Раководител на Сектор за управување со ИПАРД |
| Потпис: | Потпис: |
| Датум: | Датум: |


*Проект спроведен од Тело за управување со ИПАРД, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство*
*Ул. Аминта III, бр. 2, 1000 Скопје ; Тел + 389 2 313 44 77*
*Финансирано: Мерка Техничка помош од ИПАРД Програма 2014-2020*

| Бр. | Титула и име на членовите | Институција | Присутен "√" | Отсутен "√" | Претставник "√" | Заменик | Последователни отсуства |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | М-р Нефрус Челику | **МЗШВ** | √ | | | | |
| **ДРЖАВНИ ИНСТИТУЦИИ** | | | | | | | |
| 2. | Трајан Димковски | **МЗШВ** | √ | | | | 0 |
| 3. | Никица Бачовски | **МЗШВ** | √ | | | | |
| 4. | Маја Лазареска Јовеска | **МЗШВ** | √ | | | | 0 |
| 5. | Славица Михајловска Гошиќ | **МЗШВ** | √ | | | | |
| 6. | Евгенија Серафимовска Кирковски | **СЕП** | √ | | | | 0 |
| 7. | Беким Хаџиу | **Министерство за економија** | | √ | | | 1 |
| 8. | Вулнет Арифи | **МЛС** | √ | | | | 0 |
| 9. | Александра Матиќ - Север | **МК** | √ | | | | 0 |



*Проект спроведен од Тело за управување со ИПАРД, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство*
*Ул. Аминта III, бр. 2, 1000 Скопје ; Тел + 389 2 313 44 77*
*Финансирано: Мерка Техничка помош од ИПАРД Програма 2014-2020*

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 10. | Назмије Идризи | **МЖСПП** | | √ | | | 1 |
| 11. | Дарко Пешевски | **Министерство за транспорт и врски** | | | √ | Антон Фајдига | 0 |
| 12. | Душан Томшиќ | **Министерство за труд и социјална политика** | | √ | | | 1 |
| 13. | Сашко Арсов | **АХВ** | | | √ | Ванчо Новоселски | 0 |
| **АГЕНЦИИ** | | | | | | | |
| 14. | / | **АПРЗ** | √ | | | Петар Андов | 0 |
| 15. | Љиљана Вуковиќ | **Агенција за поддршка на претприемништвото** | √ | | | | 0 |
| **ЕКОНОМСКИ И СОЦИЈАЛНИ ПАРТНЕРИ** | | | | | | | |
| 16. | Васко Ристовски | **Стопанска комора на Македонија** | | √ | | | 2 |
| 17. | Огнен Оровчанец | **Агробизнис комора при Сојуз на стопански Комори на РМ** | | | √ | Александар Зарков | 0 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 18. | Сашо Ристески | **Македонска асоцијација на преработувачи** | √ | | | | 0 |
| 19. | Вељо Тантаров | **Сојуз на земјоделци на Македонија** | | √ | | | 2 |
| 20. | / | **Заедница на единиците на локалната самоуправа** | √ | | | Наташа Вртеска | 0 |
| 21. | Проф. Д-р Ана Котевска | **Факултет за земјоделски науки и храна** | √ | | | | 0 |
| 22. | Драган Дојчиновски | **Комора на занаетчии** | | | √ | Елена Гунова | 0 |
| 23. | Проф д-р Верица Илиева | **Факултет за земјоделски науки и храна – УГД Штип** | | | √ | Проф д-р Љупчо Михајлов | 0 |
| 24. | Марина Тошевска | **Агро- Лидер** | √ | | | | 0 |
| 25. | Петар Ѓоргиев | **Рурална мрежа на Р.М** | √ | | | | 0 |
| 26. | Проф. Д-р Владимир Петков | **Факултет за ветеринарна медицина** | | | √ | Проф д-р Влатко Илиевски | 0 |
| 27. | Сашо Крцоски | **Мрежа на млади фармери** | √ | | | | 0 |



*Проект спроведен од Тело за управување со ИПАРД, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство*
*Ул. Аминта III, бр. 2, 1000 Скопје ; Тел + 389 2 313 44 77*
*Финансирано: Мерка Техничка помош од ИПАРД Програма 2014-2020*

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 28. | Гордана Лозановска Стефановска | **ЛАГ Пелагонија** | √ | | | | |
| 29. | Робертина Брајаноска | **Македонско еколошко друштво** | | | √ | Александра Тодоровска | 0 |
| | ВКУПНО | | 14 | 6 | 9 | | |



*Проект спроведен од Тело за управување со ИПАРД, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство*
*Ул. Аминта III, бр. 2, 1000 Скопје ; Тел + 389 2 313 44 77*
*Финансирано: Мерка Техничка помош од ИПАРД Програма 2014-2020*

## Прилог 2: Листа на набљудувачи

**Претставници на Владини институции:**

Јетон Зука- МЗШВ.

**Претставници од Државен завод за Ревизија**

Адем Цури- Овластен државен ревизор. Главен ревизор за ИПА;

Билјана Ивановска, ОДР;

Мимоза Шишковска, ОДР;

Соња Пановски, ОДР.

**Претставници на економски и социјални партенри**

Родне Настова- Институт за сточарство;

Никола Пациновски- Институт за сточарство;

Наташа Данилоска- Економски Институт;

Татјана Петковска Мирчевска- Економски Институт;

Зоран Јаневски- Економски Институт;

Никола Клопчевски- Институт за Иновации и Технолошки развој.



*Проект спроведен од Тело за управување со ИПАРД, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство*
*Ул. Аминта III, бр. 2, 1000 Скопје ; Тел + 389 2 313 44 77*
*Финансирано: Мерка Техничка помош од ИПАРД Програма 2014-2020*